На 30.09.2011 година во Битола почина м-р Драган Трпкопвски, член на МНД.

Роден е на 10.06.1939 година во село Велмевци. Дипломирал на Правниот факултет во Скопје во 1963 година. По полагањето на правосудниот испит, на 01.02.1967 година беше именуван за заменик на Општинскиот јавен обвинител во Битола, која функција ја извршуваше сè до 14.10.1970 година. На 15.10.1970 година беше именуван за Општински јавен обвинител во Битола, која функција ја вршеше сè до 01.04.1985 година, кога беше именуван за заменик на Окружниот јавен обвинител во Битола. На 12.07.1987 година беше именуван за Окружен јавен обвинител во Битола, а на 26.03.1997 година беше именуван за Виш јавен обвинител, на која функција остана сè до неговото заминување во пензија во април 2003 год.

Во извршувањето на своите одговорни функции, м-р Драган Трпкповски покажа солидни организациони и стручни способности. Со свои трудови учествуваше на повеќе советувања организирани од Министерството за правда на РМ или од Јавното обвинителство на РМ. Има објавено повеќе стручни трудови во повеќе стручни списанија и во збирки на материјали од стручни советувања.

Нека му е вечна благодарност и слава.